


# Крштението

## во делата на свети Кирил Ерусалимски

Духовното творештво на свети Кирил се состои само од еден том кој содржи: 1 предогласително слово, 18 огласителни слова, 5 тајноводствени слова, 1 беседа за раслабениот, и 1 послание до императорот Констанциј. Со ова, творештвото на свети Кирил не се исцрпува. Тоа се однесува до делот од неговото презвитерско служење. Дека проповедал и пишувал како архиереј, со сигурност не може да се потврди: тоа или не било запишано, или бурното време не го сочувало за нас.


Јеромонах
м-р Јосиф Пејовски

Во првиот дел од неговите зачувани проповеди се говори за оние кои имаат намера да пристапат кон светото Крштение, а потоа следат словата за огласените, во кои свети Кирил говори за огласените, кои според древно-црковното сфаќање влегуваат во составот на Црквата. Така поуките за огласените на број се осумнаесет, во кои поодделно се говори за покајанието и Крштението, потоа следи изложување на Символот на верата на Ерусалимската Црква, и тоа претставува единствено зачувано сведоштво. Во следните пет поучителни слова, кои се именувани како „Тајноводствени поученија“, свети Кирил, говори за светите Тајни, и тоа: за Крштението, Миропомазанието и за Телото и Крвта Христови.

Според древно-црковното сфаќање, огласените влегуваат во составот на Црквата. Евсевиј Кесариски во составот на Црквата разликува „три чина“: претстојатели, верни и огласени (*катихумени*). Примањето во редот на огласените е вршено многу претпазливо - со одобрение на епископот, после соодветно испитување и со препорака на верните. При тоа на примените се полагале раце, се осенувале со крсен знак и се принесувале молитви. Податоците за чинот на огласување можеме да ги добиеме доста прегледно од поуките на свети Кирил.

Определените за просветување биле должни времето да го минуваат во строг пост и воздржание, во чувство на покајна скрушеност, кое се изразувало и со зборови и со дела. Тоа за нив било време на исповедање (*егзомологеза*). Над нив се вршени заколнувања, егзорцизми. Во состав на заколнувањата влегувале молитви „земени од Божественото Писмо“, осенување со крсен знак и дување. Лицето на оној над кого се извршувало заколнувањето било покриено „за умот да биде слободен и очите лутајќи да не го приморуваат и умот да лута“. Дувањето било симбол на „очистување од гревовите“ и изгонување на „бесрамниот и од искони злобен демон“. Истовремено тоа го изобразувало дејството на Светиот Дух и од тука имаме „огнена сила“ против невидливите непријатели. „Уметниците во обработката на златото - вели свети Кирил - со помош на соодветно орудие го распалуваат огнот и го топат златото ставено во печката. Засилувајќи го пламенот, тие го




наоѓаат тоа што го бараат. Така и заколнувачите со Духот Божји во човекот произведуваат страв и во телото, како во печка, разгорувајќи ја душата, при што ѓаволот бега. Тогаш во човекот останува спасението, надежта во вечниот живот, па најпосле душата, очистена од гревовите, стекнува спасение“[1]. Сите овие методи и педагошки средства на кои упатува свети Кирил се поставени во функција на есхатолошката смисла на животот.

Заколнувањата на просветениот го изведуваат од царството на овој век, од демонската власт. Меѓутоа, огласувањето има и потврден, свештенодејствен карактер. „На вас веќе е благоуханието на блаженството, просветени“, вели свети Кирил во предогласителното слово. „Веќе благоуханието на Духот Свет се излеало. Вие веќе се наоѓате во предворјето на царските одаи. Вашите имиња веќе се запишани, веќе сте присоединети во војската, ете и брачни светилници и желби за небесно општежитие“.

Молитвата Господова Свети Кирил ја толкува после Крштението, во „тајноводствените“ беседи, како молитва која се чита на Литургијата. Огласителните беседи на свети Кирил се предкрстителни беседи. Нивната содржина треба да се чува како тајна. „Еве ти заповед: научи како што ти е кажано и чувај го за навек. Немој да сметаш дека огласителното учење кое се соопштува е обична беседа. Ако оние кои стојат надвор те запрашаат за тоа што говореше учителот, немој да кажуваш. Бидејќи ние ти ја предаваме тајната и надежта од идниот век... ете, ти веќе стоиш на самата граница. Внимавај да не го разгласуваш она што се соопштува, и тоа не дека е недостојно за кажување туку дека слухот е недостоен да слуша“.

Огласувањето всушност е градба, и камењата треба да се ставаат по одреден редослед, аголот мора да биде поврзан со агол. Брзоплетоста е опасна и после предвремено слушање се заканува со помрачување на умот. Тајната на предкрстителските поуки треба да се сочува не само од надворешните, туку и од огласените. Затоа соопштуваниот и објаснуван символ требало со „паметење да се запишува во срцето“, да се повторува усно, без запишување на хартија, и да се чита во тајност, за никој да не може да прислушнува. Таа disciplina arcani, која се ширела во Црквата, особено во IV век, има пастирска и педагошка смисла. Можно е во неа, како што вели Георгиј Флоровски, да се одразила и праксата на древните пагански мистерии[2]... таа толку не се однесува на учењето, колку на формулите и обредите. На тоа се однесува и изразот тајноводство, (*mistagogia*).

Во излагањето на догмите, свети Кирил го следи поредокот на символот на Крштението или исповедањето, којшто треба да го произнесе оној кој се крштева со полно разбирање во светиот купел. Самиот текст на символот во беседите, според disciplina arcani, не се наведува во целина. Текстот на символот кој го објаснува свети Кирил, можеме да го реконструираме според насловите на беседите, кои според Флоровски тешко дека се изворни[3] и по цитатите. Без сомнение тоа не е Никејскиот символ на верата. Дали тоа е „ерусалимскиот" символ на Крштението, кое е праоснова на Цариградскиот символ, останува прашање.

Во зачуваните творби на Св. Кирил гледаме еден обид како систематски да се изложат догмите на верата и да се објаснат обредите, соединети со Тајните Крштение, Миропомазание и Причест, исто така тие претставуваат едно добро сведоштво за тоа дека тие Таинства и сега се извршуваат во Источната Црква со истите обреди, со кои се извршувале во времето на свети Кирил и во неговите поучувања е сочуван Символот на најстарата од сите христијански Цркви - Ерусалимската.

---

[1] *Творенія святаго отца нашего Кирилла, архиепископа Іерусалимскаго,* Москва, 1900, стр. 1.

[2] Георгиј, протојереј Флоровски, Источни оци IV века, Манастир Хиландар, 1997, стр. 52.

[3] ibid. стр. 54.




Според самиот карактер и намената на своите поуки, Свети Кирил не можел да навлезе во подетално разјаснување на црковното учење за Таинствата. Меѓутоа, од истите причини тој бил должен да се задржи на оние Таинства кои се вршат над оние кои стапуваат во Црквата и преку кои се извршува тоа стапување. Тој најмногу говори за Крштението. Крштението со вода е неопходно за спасение. Исклучокот важи само за мачениците, „кои за време на гонењата се крштеваа во својата сопствена крв": „Тие и без вода го здобиваат Царството". Во крштелниот купел нема обична, туку „христоносна" вода. Поради троичното призивање на Духот, Христос и Отецот, таа „добива сила на светост". Крштението е неповторливо: „Доколку првиот пат не си имал успех, тоа никогаш нема да можеш повторувајќи да го поправиш". Крштението на еретиците свети Кирил не го сметал за важечко. Зашто, Крштението е единствено.

Крштението со вода се завршува во „крштевање со Дух", т.е. со Миропомазание. И повторно, помазувањето не се врши со едноставно миро, свети Кирил дури и го споредува со Евхаристијата. „Како што лебот на евхаристијата, по призивот на Светиот Дух, повеќе не е обичен леб, туку Тело Христово, така и ова свето миро, после призивот, повеќе не е едноставно, или, како што некој друг ќе рече, обично миро, туку дар на Христа и Духот Свет, кој од неговото божествено присуство станува делотворно". Таинственото миро е „изобразување" на Духот Свет. Миропомазанието над верните го повторува она „суштествено слегување на Духот Свет", кое се случи над Христос после крштението од Јован. „И сè над вас - ќе рече свети Кирил - е извршено образно, бидејќи вие сте образ Христов... Приопштувајќи се кон Христа и станувајќи Негови причесници, вие сте помазани со миро", за духовно зачувување на душата и телото.

Во светата Евхаристија, верните стануваат „сотелесници и еднокрвни со Христа". И тоа со реалното присуство на Телото и Крвта. Колку што може да се види врз основа на краткиот фрагмент од литургискиот чин во 5. тајноводствена беседа на свети Кирил, ерусалимската Литургија од негово време во голема мерка била блиска на Литургијата опишана во 8. книга од „Апостолските установи"[4] која е најверојатно, составена врз основа на палестинската пракса.

Богословската и вероисповедна вредност на творештвото на свети Кирил Ерусалимски, од патрологот, архиепископ Филарет Черниговски, се оценуваат како: „Извонредно важни за изложувањето на догмите и како објаснување на обредите".

Според православното поимање на човекот - гледиште кое го застапува и самиот свети Кирил, човекот како целокупно битие е создание Божјо, меѓутоа со прворoдниот грев се случило само помрачување на умот. На онтолошки план, самата материја не е зло, бидејќи потекнува од Бог. Зло претставува погрешното насочување на слободната волја, која исто така е дар Божји, но злоупотребен. Колкаво внимание е посветено на телото, гледаме од местото кое му е дадено на Крштението во неговите дела. Овој обред како надворешна манифестација го симболизира очистувањето на телото. Со самото потопување во водата, покрај миењето кое физички се случува, на еден симболичен начин се измива и прворoдниот грев.

Со самиот чин на светата Тајна Крштение, свети Кирил гледа основа за почеток на еден христијански живот:

> Великое дело - предстоящее крещение, оно - искупление пленным, оставление прегрешений, смерть греха, обновление души, светлое одеяние, святая нерушимая печать, колесница на небо, райское наслаждение, предуготование Царствия, дарование усыновления.[5]

[4] Op. cit. *Источни оци IV века,...* стр. 61.

[5] *Op. cit. Творенія святаго отца нашего Кирилла...*, стр. 10.

Со примањето на Крштението, христијанинот почнува да ја преобразува материјата.

Свети Кирил по дарба, знаења и служба бил редок светител. Неговите „оглашенија“ се први по време и значење, систематски зборник од катихизиски поуки врз основните догми и Таинства, произнесени од светителот уште како презвитер во Големите пости и Светлата седмица во 347 и 348 година. Се нарекуваат јазично-омилитички слова, тие се древни, опширни, класични катихизизи, кои по идеја и мисла, по метод и јазик, по техника и форма, стануваат првообразци во историјата на христијанската проповед и нејзините форми. Тој е примерен проповедник на библиско-традиционалниот метод во разработката на проповедта.

Библијата и црковното учење се извор, верата е раководство, а разумот - дополнување. Почеток и крај на неговото оглашение е словото Божјо и Светото Предание; не недостигаат мисли и на човечката мудрост за убедливост; не отстапуваат примери од природата и животот за разјаснување; меѓутоа, над сè, стои мистичното и црковното. Самиот тој вели: „Ниту една Божествена Тајна не бива да се проповеда без Светото Писмо. Не ми верувај и мене, ако моите зборови немаат поткрепа од Божественото Писмо". Тоа е основно омилитичко правило, древно и сегашно за проповедниците. Секое Таинство е трисоставно: формула - догматски елемент; материја - историски елемент и извршител - канонски елемент. Педагошки пристапно е да се започне со историскиот елемент; меѓутоа, црковно задолжително е, да се започне со догматскиот елемент, како основа на Таинство. Така постапува свети Кирил во своите тајноводствени слова. Канонскиот елемент, речиси, го изоставува, зашто рано е подробно да се говори за права и задолженија на катихизирани луѓе. Затоа, моралната расправа во неговите катихези, особено за Таинствата, е ограничена. Тоа се смета за важно правило во омилитиката и мисионерството. Неговите катихетски поуки се систематски по изложување и правилни по структура, иако некои се разликуваат по обем.



Свети Кирил речиси воопшто не користи богословско-филозофски методи во потврдувањето на своите ставови. Меѓутоа сепак неговото значење за византиската филозофија не изостанува, поради фактот што обработува проблеми кои ја посочуваат смислата на човековиот живот. И покрај тоа што водел „повлечен“ живот, не сакајќи многу да се инволвира во решавањето на проблемите со кои се соочувала Црквата, од неговата филозофија забележуваме дека сепак не останал надвор од она што значи филозофско движење за востановување на доктрината на православието во Византија.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. *Беседе светих отаца*, Београд, 1997.

2. Ибришимов протоѓакон, Г., *Духовни бисери од светите отци*, Скопје, 2001.

3. Мейендорф, Протоиерей Иоанн, *Введение в святоотеческое богословие,* Клин, 2001.

4. *Творенія святаго отца нашего Кирилла, архіепископа Іерусалимскаго*, Синодальная Типографія, Москва, 1900.

5. Флоровски, протојереј Георгиј, *Источни оци IV века*, Врњачка Бања, 1997.

# КАРТИЧКА ПО ВАША МЕРКА!






**MasterCard® Revolving** кредитна картичка

- највисок кредитен лимит;
- првата година, користење без членарина;
- најниски каматни стапки;
- едноставна и брза процедура,
- без депозит и без жиранти.

MasterCard

Комерцијална банка АД Скопје